


Во Долна Преспа до убавото село Долно Дупени се наоѓа границата меѓу Република Македонија и јужниот сосед, како и планираниот граничен премин „*Маркова Нога*“, кој, за жал, остана само пуста желба ветена од актуелната влада на македонскиот народ од двете страни на границата. Со тоа остана месноста „
*Маркова Нога*
“ да биде најјужната „слепа“ точка на денешната територија на Република Македонија.

Преминот се планираше и на големо се ветуваше од страна на актруелната влада да се изгради во убавиот предел на Преспанското Езеро, каде има викенд куќи кои гледаат кон егејскиот дел на Македонија и Мала Преспа. До планираниот граничен премин, на брегот на Езерото се наоѓа убавиот летен камп „*Дупени бич“,* еден од поубавите кампови во Преспа. Меѓутоа, тоа е местото каде рампата е спуштена над половина век.

За жал, на жителите на Преспа не им остана друго, туку да чекаат да се отвори

ветениот граничен премин „*Маркова Нога*“ кај Долно Дупени по промена на власта, со што ќе им се овозможи да патуваат во македонските села Раби, Герман, Папли, Нивици и други села кои се наоѓаат на само неколку километри, а сега за истите треба да вртат и над 100 километри, преку Битола.

**Обеќаното од сеуште актуелната влада остана пуста желба.**

Ништо не се случи со овој граничен премин да биде отворен до 2023 година, како што беше најавено пред четири години од Владата на СДСМ. Уште во 2018 година, по потпишување на „добрососедскиот“ еднонасочен Преспански договор во Нивици, Владата објави дека започнува процедура за изградба на инфраструктурата на „*Маркова Нога*“.

Инаку, овој граничен премин беше затворен во 1967 година, по што Македонија во повеќе наврати бараше повторно отворање на границата, а идејата се реафирмираше со Преспанскиот договор, во делот за економска соработка, каде е предвидено модернизирање на постоечките и отворање на нов граничен премин за да се поттикне туристичката и трговската размена.

**Жителите на испразнетите преспански села изгубија надеж дека преминот ќе се отвори и ќе ја заживее Преспа.**

Актуелната Власт се пофали дека за изградба на граничниот премин кај „*Маркова Нога*“ во Долна Преспа се обезбедени 4,5 милиони евра, со цел да се подобрат комуникацијата и економијата помеѓу пограничните региони на нашата земја и јужниот сосед.

Од 2018 па наваму се калкулираше со термини, те за две, те за три години. Но, поминаа пет години, а сеуште не се дигна рампата на „*Маркова Нога*“

